ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-393/21
26.04.2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвениот крст на Република Северна Македонија, а во согласност со Политиките за спроведување на врснички едукации на млади за превентивните програми на Црвениот крст на Република Македонија (бр.02- 182/4 од 11.03.2015 година), Раководниот одбор на Црвениот крст на Република Северна Македонија, на својата седница одржана на ден 19.04.2024 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за организација и работа на национални обучувачи, оспособување на обучувачи и врснички едукатори за врсничка едукација на млади за превентивните програми на Црвениот крст на Република Северна Македонија

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат поблиските услови за избор и издавање на уверение на национален обучувач, обучувач за врснички едукатори (во понатамошниот текст: обучувач) и врснички едукатор за млади во превентивните програми на Црвениот крст на Република Северна Македонија, организација и работа на Колегиум на национални обучувачи, оспособување на обучувачи и врснички едукатори за млади во превентивните програми на Црвениот крст на Република Северна Македонија, проверка на знаења на кандидати за обучувачи и врснички едукатори, обврски и должности на општинските организации на Црвен крст, Црвен крст на Град Скопје и Црвен крст на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: ООЦК/ ЦКГС и Црвен крст на КРСМ).

## II. ПОТРЕБНИ УСЛОВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НАЦИОНАЛЕН ОБУЧУВАЧ, ОБУЧУВАЧ И ВРСНИЧКИ ЕДУКАТОР ЗА ВРСНИЧКА ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИ ВО ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ.

**Член 2**

Кандидатот за стекнување на статус национален обучувач за млади за превентивните програми на Црвен крст на РСМ, потребно е да ги исполнува следните услови:

- да биде волонтер и член на Црвениот крст на РСМ, најмалку 3 (три) години;
- да биде претходно сертифициран обучувач за врснички едукатор;
- да има реализирани минимум 3 (три) обуки за врснички едукатори;
- да биде на возраст од 20 (дваесет) до 29 (дваесет и девет) години;
- да ги познава развојните стратегии, политики и програми на Црвен крст на РСМ;
- да има познавање на англиски јазик и / или јазикот на заедницата од којашто доаѓа;
- да има познавање на работа со MS Office (Word, Excel, Powerpoint), мејл апликации, онлајн платформи и социјални мрежи;
- да има познавање на кодекси поврзани со волонтерство и членство.

**Член 3**

Кандидатот за стекнување на статус обучувач за врснички едукатори за млади за превентивните програми на Црвен крст на РСМ, потребно е да ги исполнува следните услови:
- да биде волонтер и член на Црвениот крст на РСМ, најмалку 2 (две) години;
- да биде претходно сертифициран врснички едукатор;
- да има реализирани минимум 8 (осум) врснички едукации;
- да биде на возраст од 18 (осумнаесет) до 25 (дваесет и пет) години;
- да има познавање на англиски јазик и / или јазикот на заедницата од којашто доаѓа;
- да има познавање на работа со MS Office (Word, Excel, Powerpoint), мејл апликации, онлајн платформи и социјални мрежи.

**Член 4**

Кандидатот за стекнување на статус врснички едукатор за врсничка едукација на млади за превентивните програми на Црвен крст на РСМ, потребно е да ги исполнува следните услови:
- да биде волонтер на Црвениот крст на РСМ, најмалку 1 (една) година;
- да ги познава, владее и разбира, мисијата, визијата и принципите на Црвен крст;
- да биде на возраст од 15 (петнаесет) до 21 (дваесет и една) години;
- да има познавање на англиски јазик и / или јазикот на заедницата од којашто доаѓа;
- да има познавање на работа со MS Office (Word, Excel, Powerpoint), мејл апликации, онлајн платформи и социјални мрежи;
- да поседува добри комуникациски и презентациски вештини.

## III. ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛЕН ОБУЧУВАЧ И КОЛЕГИУМ НА НАЦИОНАЛНИ ОБУЧУВАЧИ

**Член 5**

Национален обучувач за млади во превентивни програми на Црвен крст на РСМ е лице избрано од страна на Црвен крст на РСМ, на предлог на

Колегиумот на национални обучувачи од редовите на обучувачи кои се евидентирани во Регистарот на национални обучувачи, обучувачи и врснички едукатори за млади за превентивните програми на Црвен крст на РСМ (во понатамошниот текст: Регистар), согласно критериумите наведени во член 2 (два) од овој Правилник.

Избор на национален обучувач се врши по потреба, односно во случај на престанување на статусот волонтер и член на Црвен крст на РСМ или исклучување од членство во Црвен крст на РСМ, навршување на 30 (триесет) години возраст, како и во случај на негово барање.

**Член 6**

Работните обврски на националните обучувачи се организирани преку Колегиум на национални обучувачи (во понатамошниот текст: Колегиум) како тело во чиј состав влегуваат од 5 (пет) до 12 (дванаесет) членови, водејќи сметка да биде земена во предвид регионална урамнотеженост во однос на нивната застапеност.

Колегиумот работи на состаноци кои се свикуваат по потреба од страна на Претседавач, кој раководи со Колегиумот. Претседавачот е избран од членовите на Колегиумот, со мандат од една година и е во постојана координација со координаторот за млади на Црвен крст на РСМ.

За работа на Колегиумот е потребен кворум со присуство на минимум 5 (пет) члена, додека донесувањето на одлуки се врши со мнозинство на гласови од присутните членови.

Колегиумот има за задача да учествува во изготвување на Програма за обука на обучувачи за врснички едукатори, предлага кандидати за национални обучувачи, реализира обуки за обучувачи за врснички едукатори, подготвува работни материјали, ја следи, координира и корегира работата на обучувачите за врснички едукатори и реализира освежителни обуки за обучувачи.

**Член 7**

За извршениот избор на национален обучувач кандидатот добива Уверение за национален обучувач за млади во превентивните програми на Црвен крст на РСМ, издадено од Црвен крст на РСМ со времетрање од 3 (три) години.

Националниот обучувач има обврска по завршување на секоја обука да изготви извештај за реализирана обука за обучувачи на врснички едукатори и истиот да го достави до Црвен крст на РСМ.

**Член 8**

Членовите на Колегиумот чиј мандат е истечен својата работа во превентивните програми на Црвен крст на РСМ ја продолжуваат во форма на менторска улога, со задача да даваат поддршка во реализирање на Програмата за работа на Колегиум.

## IV. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОБУКА ЗА ОБУЧУВАЧИ ЗА ВРСНИЧКИ ЕДУКАТОРИ НА МЛАДИ ЗА ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ НА ЦРВЕН КРСТ, ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊА И ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ

**Член 9**

Обука за обучувачи за врснички едукатори на млади за превентивни програми на Црвен крст на РСМ (во понатамошниот текст: обука за обучувачи) се организира од страна на Црвен крст на РСМ.

Обуката за обучувачи се изведува во траење од 24 (дваесетичетири) часа распоредени во 4 (четири) дена и опфаќа предавања, практично демонстрирање и вежби, согласно Програма за обука на обучувачи за врснички едукатори.

Обуката за обучувачи ја изведуваат национални обучувачи за врсничка едукација на млади за превентивните програми на Црвен крст на РСМ.

Вкупниот број на кандидати кои ја следат обуката за обучувачи изнесува минимум 3 (тројца) кандидати, а максимум 8 (осум) кандидати, обучувани од 1 (еден) национален обучувач или со можност за посета на минимум 8 (осум) кандидати, а максимум 15 (петнаесет) кандидати, кои ќе бидат обучувани од 2 (двајца) национални обучувачи.

**Член 10**

По завршување на обуката за обучувачи, кандидатите полагаат испит за проверка на знаења пред националниот/те обучувач/и.

Испитот се одржува на последниот ден од обуката и се состои од писмен дел (тест) и практичен дел. Услов за полагање на практичниот дел од тестот е успешно полагање на писмениот дел од проверката на знаења.

Практичниот дел од испитот се состои во реализирање на пробен дел од обука за врснички едукатори на последниот ден од обуката.

**Член 11**

Испитот се смета за положен ако националниот/те обучувач/и оценил/е дека кандидатот успешно ги завршил писмениот и практичниот дел од испитот, согласно исполнетите критериуми определени во Програма за работа на колегиум, за што изготвува Извештај за реализирана обука на обучувачи за врснички едукатори и истиот го доставува до Црвен крст на РСМ.

ООЦК и ЦКГС водат евиденција за полагањето и резултатите од испитите за проверка на знаења.

ООЦК и ЦКГС составуваат список на обучувачи за врснички едукатори за превентивни програми на Црвен крст на РСМ, кој се доставува на почетокот на годината, најдоцна до 31 (триесет и први) јануари, до Црвен крст на РСМ. Во списокот се внесуваат сите обучувачи од кои се очекува во тековната година да се вклучат во програмите на ООЦК и ЦКГС.

**Член 12**

Кандидатот за обучувач кој успешно го положил испитот за проверка на знаења, добива Уверение за обучувач за врснички едукатор на млади за превентивни програми на Црвен крст на Република Северна Македонија.

**Член 13**

Уверението за обучувач го издава Црвен крст на РСМ и истото има важност до навршување на 25 (дваесет и пет) години на обучувачот.

По стекнување на статусот обучувач, кандидатот има обврска на секои 2 (две) години да посетува освежителни обуки организирани од страна на Црвен крст на РСМ, реализирани од Колегиум, согласно однапред утврдена Програма за обуки на обучувачи за врснички едукатор на млади за превентивни програми на Црвен крст на РСМ.

Во случај на неактивност на обучувачот во период од најмалку 2 (две) години, неговиот статус ќе биде во мирување и за негово продолжување потребно е посета на минимум 2 (две) освежителни обуки организирани од Црвен крст на РСМ, реализирани од Колегиум, согласно Програмата за обуки на обучувачи за врснички едукатори на млади за превентивните програми на Црвениот крст на РСМ.

## V. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОБУКА ЗА ВРСНИЧКИ ЕДУКАТОРИ НА МЛАДИ ВО ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ НА ЦРВЕН КРСТ, ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊА И ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ

**Член 14**

Обуката за врснички едукатори на млади за превентивни програми на Црвен крст на РСМ (во понатамошниот текст: обука за врснички едукатори) се организира од страна на ООЦК, ЦКГС или Црвен крст на РСМ.

Обуката за врснички едукатори се изведува во траење од 18 (осумнаесет) часа, распоредени во 3 (три) дена и опфаќа: предавања, практично демонстрирање и вежби, согласно Програма за обука на врснички едукатори на млади за превентивни програми на Црвен крст на РСМ.

Обуката за врснички едукатори ја изведува обучувач од Црвен крст на РСМ.

Вкупниот број на кандидати кои посетуваат обука за врснички едукатори изнесува минимум 3 (тројца) кандидати, а максимум 8 (осум) кандидати, обучувани од 1 (еден) обучувач или со можност за посета на минимум 8 (осум) кандидати, а максимум 15 (петнаесет) кандидати обучувани од 2 (двајца) обучувачи.

**Член 15**

Кандидатот за врснички едукатор подлежи на проверка на знаења пред својот обучувач/и која се состои во реализирање на пробна врсничка едукација на последниот ден од обуката.

Обуката за врснички едукатори се смета за успешно завршена, доколку обучувачот/ите по проверката на знаења, оценил/е дека кандидатот успешно ја завршил обуката, а согласно исполнетите критериуми определени во Програма за обука на врснички едукатори.

Обучувачот изготвува Извештај за реализирана обука на врснички едукатори и истиот го доставува до Црвен крст на РСМ.

**Член 16**

Кандидатот за врснички едукатор кој успешно ја завршил обуката добива Уверение за врснички едукатор на млади за превентивните програми на Црвен крст на Република Северна Македонија.

**Член 17**

Уверението за врснички едукатор на млади за превентивни програми на Црвен крст на РСМ го издава организаторот на обуката, односно ООЦК, ЦКГС или Црвен крст на РСМ и истото има важност до навршување на 21 година на врсничкиот едукатор.

По стекнувањето на статусот врснички едукатор на млади, лицето има обврска на секои 2 (две) години да посетува освежителни обуки организирани од страна на ООЦК и ЦКГС, реализирани од обучувач/и согласно однапред утврдена Програма за обука на врснички едукатори на млади за превентивни програми на Црвен крст на РСМ.

Во случај на неактивност на врсничкиот едукатор, во период од најмалку 2 (две) години, неговиот статус ќе биде во мирување и за негово продолжување потребно е посета на минимум 2 (две) освежителни обуки организирани од ООЦК и ЦКГС, реализирани од обучувач/и согласно Програма за обука на врснички едукатори на млади за превентивни програми на Црвен крст на РСМ.

Врсничкиот едукатор има обврска по реализирање на секоја едукација да изготви Извештај за спроведени едукации во превентивните програми на Црвен крст на РСМ и истиот да го достави до ООЦК и ЦКГС.

**Член 18**

ООЦК и ЦКГС водат евиденција за проверка на знаења на кандидатите за врснички едукатори.

ООЦК и ЦКГС составуваат список на врснички едукатори за превентивни програми на Црвен крст кој се доставува на почетокот на годината, најдоцна до 31 (триесет и први) јануари до Црвен крст на РСМ. Во списокот се внесуваат сите обучени врснички едукатори за превентивни програми на Црвен крст на РСМ, од кои се очекува во тековната година да се вклучат во програмите на ООЦК и ЦКГС.

## VI. ОБВРСКИ НА ОПШТИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ

### Член 19

ООЦК и ЦКГС се должни да:

- предлагаат кандидати за врснички едукатори и обучувачи за врснички едукатори во превентивни програми на Црвен крст на РСМ;
- издаваат Уверение за врснички едукатор за превентивни програми на Црвен крст на РСМ;
- на обучените врснички едукатори им овозможуваат спроведување на едукации согласно Програма за работа на Клуб на млади и препораките на Црвен крст на РСМ;
- ја следат и корегираат работата на обучувачите и на врсничките едукатори;
- водат евиденција за полагањето и резултатите од испитите за проверка на знаења на кандидатите за обучувачи;
- составува список на обучувачи;
- водат евиденција за проверка на знаења на кандидатите за врснички едукатори;
- составува список на врснички едукатори;
- за спроведените врснички едукации од страна на врсничките едукатори водат евиденција која содржи број на учесници, тема и опис на едукацијата;
- организира освежителни обуки за врснички едукатори;
- се придржуваат до Упатството за воспоставување на минимум стандарди за работа на клубовите на млади.

### Член 20

Обврска на секоја ООЦК и ЦКГС е на годишно ниво да има обучени минимум 2 (двајца) активни обучувачи за врснички едукатори и минимум 3 (тројца) обучени активни врснички едукатори за реализирање на превентивни програми на Црвен крст на РСМ.

ООЦК и ЦКГС имаат обврска најмалку еднаш годишно да организираат обука за врснички едукатори.

### Член 21

ООЦК и ЦКГС имаат обврска да ги подмират трошоците за организација на обуката за врснички едукатори која вклучува: работни материјали, храна и освежување, надомест за ангажман на обучувачот за врснички едукатори кој ја спроведува обуката и евентуалните патни трошоци во реален износ и трошоци за сместување на обучувачот, кои би произлегле доколку доаѓа од друг град.

Износот за надомест за ангажман на обучувачите за врснички едукатори е определен со Одлука донесена од Раководен одбор на Црвен крст на РСМ.

ООЦК и ЦКГС имаат за обврска да учествуваат во подмирување на трошоците на обуката за обучувачи која вклучува: храна и освежување и евентуалните патни трошоци во реален износ и трошоци за сместување на националниот обучувач, кои би произлегле доколку доаѓа од друг град.

## VII. ОБВРСКИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### Член 22

Црвен крст на РСМ е должен да:

- подготвува Програма за работа на Колегиум;
- подготвува Програма за обуки на обучувачи за врснички едукатор на млади за превентивни програми на Црвени крст на РСМ;
- подготвува Програма за обука на врснички едукатори на млади за превентивни програми на Црвен крст на РСМ;
- организира консултативни средби, работилници и тематски конференции за потребите на врсничките едукации за млади за превентивни програми на Црвен крст на РСМ;
- најмалку еднаш годишно да организира обуки за подготвка на стручниот дел од темите за врсничка едукација на врснички едукатори;
- изготвува и води Регистар на национални обучувачи, обучувачи и врснички едукатори за млади во превентивни програми на Црвен крст на РСМ;
- избира национален обучувач од редовите на обучувачи кои евидираат во Регистарот на национални обучувачи, обучувачи и врснички едукатори за млади во превентивни програми на Црвен крст на РСМ;
- издава Уверение за национален обучувач во превентивни програми на Црвен крст на РСМ;
- издава Уверение за обучувач за врснички едукатор на млади во превентивни програми на Црвен крст на РСМ;
- најмалку еднаш годишно организира обука за обучувачи за врснички едукатори;
- организира освежителни обуки за национални обучувачи и обучувачи;
- води преглед на Извештаите од реализираните обуки за обучувачи и обуки за врснички едукатори.

### Член 23

За спроведување на врсничките едукации на млади за превентивните програми Црвен крст на РСМ подготвува насоки и стручен материјал за различни програмски области.

Црвен крст на РСМ има за обврска да учествува во подмирување на трошоците за организација на обуката за обучувачи која вклучува работни материјали и надомест за ангажман на националниот обучувач кој ја спроведува обуката.

Износот за надоместот за ангажман на националниот обучувач е определен со Одлука донесена од Раководен одбор на Црвен крст на РСМ.

**VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 24**

Надзор над спроведувањето на овој Правилник врши Комисија од три члена формирана со Решение донесено од страна на Генералниот секретар на Црвен крст на РСМ.

За извршениот надзор се изготвува Записник кој се доставува до Раководен одбор на Црвен крст на РСМ.

**Член 25**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Член 26**

Со донесување на овој Правилник престанува да важи Правилникот за оспособување на врснички едукатори и обучувачи за врсничка едукација на млади за превентивните програми на Црвениот крст на Република Македонија (бр. 02-182/5 од 11.03.2015 година.).

**Претседател,**

**проф. д-р Ромел Велев**